Република Северна Македонија

Министерство за култура

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20____ год.
Потпис: _____

Архивски број: 04 - 7341/1
Датум: 31 . 05 2019 година

Врз основа на член 48 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), заменик - министерот за култура донесе

П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-1436/1 од 02.02.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-9519/1 од 4.10.2016 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-6285/1 од 4.07.2017 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-6285/5 од 6.07.2017 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-6285/10 од 27.7.2017 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-6285/12 од 20.12.2017 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-704/3 од 16.1.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-700/2 од 31.1.2018 година Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-2527/2 од 02.03.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-3718/2 од 30.3.2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-7008/2 од 30.05. 2018 година, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-9655/1 од 14.8.2018 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за култура бр.04-11072/1 од 25.9.2018 година.

Член 2

Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 2. Сектор за дејности од областа на културата и уметноста подточка 2.2 Одделение за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност, за работното место под реден број 30 „Раководител на одделение за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност" во делот вид на образование зборовите „историја на уметност“ се заменуваат со зборовите „филозофија“.

Член 3

Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 3. Сектор за издавачка дејност (сектор за книга), потточка 3.2 Одделение за стратешко планирање, развој, анализи, истражување и унапредување на издавачката дејност во Република Македонија, за работното место под реден број 47 „Раководител на одделение за стратешко планирање, развој, анализи, истражување и унапредување на издавачката дејност во Република Македонија“ видот на образование се менува и гласи: „психологија“.

Член 4

Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 4. Сектор за заштита на културно наследство, потточка 4.1 Одделение за библиотечна дејност, за работното место под реден број 54 „Раководител на одделение за библиотечна дејност“ во делот вид на образование зборовите „ликовна уметност“ се заменуваат со зборовите „кинезиологија“.

Член 5

Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 4. Сектор за заштита на културно наследство, потточка 4.2 Одделение за музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство, за работното место под реден број 59 „Раководител на одделение за музејска дејност и заштита на нематеријално културно наследство“ во делот вид на образование зборовите „социологија“ се заменуваат со зборовите „психологија“.

Член 6

Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 8. Сектор за општи работи, за работното место под реден број 112 „Помошник Раководител на сектор за општи работи“, во делот „број на извршители“ бројот „1“ се заменува со бројот „2“, а во делот вид на образование по зборовите „историја на уметноста“ се додаваат зборовите „правни науки“.

Член 7

Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 16. Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, потточка 16.1. Одделение за поттикнување и унапредување на соработката со соседните и европските земји и за

меѓународната техничка помош, наменета за негување и унапредување на културниот идентитет на припадниците на заедниците во Република Македонија и за поддршка на кабинетот на директорот, за работното место под реден број 197 „Помлад соработник за културен идентитет на припадниците на заедниците во Република Македонија во делот „број на извршители“ бројот „9“ се заменува со бројот „8“.

Член 8

Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 16. Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, потточка 16.1. Одделение за афирмирање, унапредување и објавување на културното творештво и за грижа, негување и презентирање на културното наследство, на припадниците на заедниците во Република Македонија, за работното место под реден број 201 „Советник за унапредување и објавување на културното наследство на припадниците на заедниците во РМ во делот „број на извршители“ бројот „2“ се заменува со бројот „3“, во делот вид на образование по зборот „социологија“ се додаваат зборовите „наука за книжевноста“.

Член 9

Во глава IV Опис на работните места во Министерство за култура во точка 16. Управа за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, потточка 16.1. Одделение за афирмирање, унапредување и објавување на културното творештво и за грижа, негување и презентирање на културното наследство, на припадниците на заедниците во Република Македонија, за работното место под реден број 202 „Помлад соработник за негување и презентирање на културното наследство на припадниците на заедниците во делот „број на извршители“ бројот „3“ се заменува со бројот „2“.

Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација .

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Владимир Лазовски

Број 04-7341/1
Датум 31 05 2019
Скопје
Изготвил: Рак. на одд. Снежана Стојановиќ